# БИЛТЕН

## Бр. 1 - Октомври 2023

**<u>Green Up Yourself</u> е нов Еразмус плус проект кој промовира вработување и претприемништво во зелениот сектор кај младите во рурална Европа преку обука за зелени и претприемачки вештини, како и преку промоција на зелено претприемништво.**

Целите кои се очекува да се постигнат се:

- Идентификување на потребите за обука, позициите за зелено претприемништво, и добрите практики поврзани со зеленото вработување во ЕУ.
- Развој на програма за обука и иновативни дигитални алатки за промовирање на зелени вештини и претприемништво за млади лица.
- Обучување на професионалци кои работат со млади за зелени и претприемнички вештини за млади лица.
- Промовирање на вработливоста на младите луѓе, лоцирани во Европските рурални области, низ обука за зелени вештини, промовирање и свесност за можностите за зелено вработување.
- Промовирање на вмрежувањето на ниво на ЕУ и поддршка на други ентитети кои работат на подобрување на вклученоста на ранливите групи на пазарот на труд, и промовирање на зеленото вработување.
- Подигнување на свеста кај граѓаните за прашања поврзани со вработувањето и зеленото претприемништво и новите пазарни позиции во руралните средини.

ВО ОВОЈ БРОЈ

ЗА ПРОЕКТОТ

**KICK OFF** СОСТАНОК

ИСТРАЖУВАЊЕ

СЛЕДНИ ЧЕКОРИ




## Фазата на истражување

**Деск- и теренско истражување беше спроведено од страна на проектните партнери во последните месеци за да се идентификуваат потребите од обука поврзана со зелените и претприемачките вештини кај младите луѓе. Клучните наоди се претставени на следниот начин**:

- Дел од младите не можат да идентификуваат дали имаат зелени и претприемачки вештини и/или не се свесни за постоењето на таква обука. Покрај тоа, постои поголем недостиг на доверба кај младите жени за да размислуват за учество во зелени работни места.
- Постоечката обука ворамките на  образовните системи се смета за несовремена,  и премногу специјализирана кога ја спроведуваат компаниите. Всушност, најдоминантната обука се карактеризира со тоа што е онлајн, теоретска и не многу практична.
- Обуката за зелени и претприемачки вештини е барана од руралните млади, иако не како приоритет во споредба со другите услуги за вработување. Во исто време, овие вештини се високо ценети од интервјуираните експерти кога станува збор за фаворизирање на можности за вработување за младите луѓе од руралните средини.
- Сѐ уште има доминантна потреба од советодавни и услуги за поддршка и за обука и за зелено претприемништво, особено поради нивната динамична природа.
- Сѐ уште има потреба од повеќе информации за можностите што ги нуди зелениот пазар на труд кај младите. Во овој поглед, исто така, неопходно е да се продолжи со промовирање на можностите за работа на зеленото претприемништво.
- Сѐ уште е потребна повеќе работа за да се осигура дека зелените работни средини нудат реални можности за социјална инклузија.



## ПОВЕЌЕ ЗА ПРОЕКТОТ И СЛЕДНИТЕ ЧЕКОРИ

Проектот ги вклучува следните субјекти:: **Fundación Santa María la Real** (Шпанија), **CARDET** (Кипар), **CIAPE** (Италија), **STEP** (Словенија), **IED** (Грција) and **LAG Agro Lider** (Северна Македонија).

Партнерите ќе се сретнат во Италија во Ноември за да дискутираат за креирање на платформата со тренинг програмата дизајнирана да ја промовира вработливоста на младите од руралните средини на зелени работни места и во претприемништвото.